**20261973194**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22, 16/25 и 269/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 август 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на големо и трговијата на мало со училишен прибор и тоа на следните производи:

- ранци и ташни;
- тетратки, блокови, колажи;
- моливи и пенкала (економични, пластични);
- дрвени и мрсни боици;
- пластелин, теста за моделирање, подлоги;
- фломастери и текст маркери;
- темперни, акрилни, водени бои и четки;
- линијари и дидактички материјали;
- острилки и гуми за бришење;
- детски ножици;
- футроли и етуи ;
- лепак, шестар, дигитрони;
- украсна хартија;
- папки и картонски ташни и
- материјали за изработка.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените (со исклучок на цените на акциска продажба) кои се применувале на 1 јуни 2026 година во трговијата на големо, кои цени се намалуваат најмалку за 10%, како и во трговијата на мало (специјализирани продавници за продажба на училишен прибор, продавници за спортска опрема кои продаваат ранци и ташни и трговци на мало кои во својот асортиман на производи продаваат и училишен прибор), кои цени се намалуваат најмалку за 15% .

По исклучок од ставот 2 на овој член, за производите кои се набавени по 1 јуни 2026 година, највисоките цени за производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените евидентирани во Материјалната евиденција во трговијата на големо (Образец

МЕТГ), кои цени се намалуваат најмалку за 10%, како и на нивото на цените евидентирани во Приемниот лист во трговијата на мало (Образец ПЛТ), кои цени се намалуваат најмалку за 15% .

Член 2

Трговците за вршење дејност трговија на мало, производите од членот 1 од оваа одлука, кои се поставени на полиците треба јасно да ги обележат со натписот „помалку трошоци, повеќе за тебе“, кој е објавен на веб - страницата на Министерството за економија и труд, како и со претходната продажна цена на која е утврдено намалувањето и новата намалена продажна цена.

Член 3

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат од 25 август 2026 година до 30 септември 2026 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-7019/5
25 август 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.